Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 35 став 1 алинеја 6 и член 37 став 1 алинеја 14 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006...96/2019), на ден 19.10.2021 година, го усвои следниот:

# З А К Л У Ч О К

Член на Судски совет, државни советници и други вработени во Судскиот совет на Република Северна Македонија, согласно член 8 и член 40 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија не се овластени да ги потпишат писмените обраќања до Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и по такви обраќања Врховниот суд на Република Северна Македонија НЕМА ДА ПОСТАПУВА.

Судскиот совет нема надлежност која произлегува од член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, да бара да се достави извештај за застарени предмети и стари нерешени предмети и тоа по години, видови и судии, со прилог изјави на судиите кои работат на предметите со образложени причини во однос на досегашното постапување по тие предмети, како и причини за настапување на застареноста и нерешавањето на старите предмети. Врховниот суд на Република Северна Македонија нема да постапува по поднесеното барање за доставување на податоци на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 03-1571/1 од 13.10.2021 година потпишано од член на Судскиот совет и од причини содржани во став 1 од Заклучокот.

Врховен суд на
Република Северна Македонија
Општа седница